ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на ООУ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„-ПОДГОРЦИ

во учебната 2023/24 година



Јуни 2024 година
Подгорци

Врз основа на Член 108, Член 113, Член 122, Член 127 од Законот за основно образование (Службен весник на Р.Македонија бр.161 од 05.08.2019 година) и Член 30 од Статутот на училиштето бр.01-421/1 од 27.12.2019 и статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ,,Гоце Делчев,,-Подгорци бр. 02-234/4 од 21.07.2024 год. по предлог на ВД.Директорот на училиштето и позитивното мислење на Наставничкиот совет (дадено на состанок на ден 03.07.2024 година) и Советот на родители (дадено на ден 05.07.2024 година), Училишниот Одбор при ООУ ,,Гоце Делчев,, - Подгорци, општина Струга на состанокот одржан на ден 12.07.2024 го донесе:

„Годишниот Извештај за работата на училиштето во учебната 2023/24 година,, и го предложи до Советот на општина Струга.

ОСВРТ НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

Врз основа на одредбите во Законот за основно образование и Статутот на училиштето, ООУ,,Гоце Делчев,,-Подгорци ја оствари законската обврска да ја планира, програмира и реализира воспитно-образовната работа согласно Годишната Програма за работа на училиштето во учебната 2023/24 година, донесена од Училишниот одбор на ден 21.07.2023 година.

Годишната Програма за работа на училиштето е доставена во законски рок до Советот на општина Струга и истата е разгледана и донесена со одлука од Совет на општина Струга.

1. УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТИ УЧИЛИШТЕТО

1.1. Просторни и материјално – технички услови за работа

ООУ,,Гоце Делчев,,-Подгорци, општина Струга е основно деветгодишно училиште кое работи со училишни обврзници од населбата Подгорци.

Од 1994 година е самостојно училиште без подрачни паралелки, кое се наоѓа на 14 километри северозападно од Струга.

Од учебната 2009/10 година училиштето работи во нов училишен објект, лоциран во централниот дел на населбата.

Училиштето и училишниот простор ги задоволуваат просторните и материјално-техничките, педагошко-психолошки и хигиенско-естетски услови за работа согласно законските нормативи за работа на основно училиште.

Просторните услови во училишниот објект се стандардизирани и солидни за успешно остварување на воспитно-образовната работа.

Имено, училиштето располага со:

- 11 училници опремени со соодветен инвентар (клупи,столчиња,табли, санитарија) за сите ученици соодветно на возраста на учениците;
- 2 простории за специјализирани училници опремени со инвентар и компјутери за реализација на ИКТ во наставата;
- 1 просторија целосно опремена за кабинет за природни науки од МОН;
- 4 канцеларии целосно опремени (директор, педагог, секретар, наставници).
- Кабинет за наставници сонаставни средства и помагала по сите наставни предмети;
- Просторија за библиотека;
- широки ходници и хол, адаптирана мини сала во училишниот објект.
- Тоалети за ученици и наставници, средени со соодветна санитарија
- котлара, магацини;

Во училишниот објект целосно е средена електричната и водоводна инсталација, телефонската и компјутерската инсталација;

- Училиштето се загрева со парно греење.
- Уреден е главниот влез на училиштето;
- Училишниот двор ја задоволува потребната квадратура и е целосно ограден, поставени се бекатон плочки, клупи, канделабри.
- Дел од прозорците во училишниот објект се заштитени со решетки заради безбедност на објектот, а поставени се и заштитни естетски фолии на сите прозорци заради заштита на здравјето на учениците од влијанието на сончевите зраци и нивното влијание врз процесот на учење.
- По иницијатива на Советот на родители во училишниот објект и двор поставен е видео надзор (камери).
- Средени се и обновени 8 хидранти и 8 (ППР) апарати за превентива при елементарини непогоди;

За успешен почеток на учебната година, училиштето ја оствари својата законска обврска за материјално-техничка, организациско-оперативна и кадровска подготовка.

На материјално-технички план оваа учебна година:

- Се изврши целосно реновирање на училишните простории (училници, ходници, подови)потребните во објектот;
- Се изврши средување на хигиенско-техничките услови во училиштето;

- Се изврши набавки на канцелариски и друг потрошен материјал за работата на наставниците и административна работа;
- Училиштето поседува основни наставни средства, аудио-визуелни средства, технички помагала (проектор, скенер, лаптоп, фотокопири, печатари) .
- На овој план преку со донација од дијаспората од Подгорци во Швајцарија училиштето поседува 22 нови компјутери за потребите на учениците со цел успешно следење на дигитализацијата во образованието.
- Исто така, преку МОН се обезбедени 40 таблети кои ги употребуваа оваа година учениците од VI одделение поради недостигот на учебници;
- Оваа учебна година обезбедени се наставни средства и дидактички материјали за реализација на наставата по Географија и Историја;
- Училиштето располага со наставни средства и реквизити за реализација на наставата по физичко и здравствено образование;
- Располага и со наставни средства и дидактички материјали за реализација на програмата во I одделение;
- Располага и со одреден библиотечен книжен фонд за ученици и наставници, но исто така во недоволен број.Оваа учебна година училиштето набави околу 150 лектирни изданија.
- Преку МОН училиштето обезбеди 1 смарт табла и 2 интерактивни табли.

На организациско-оперативен и кадровски план спроведени беа следниве активности:

• Се обезбеди стручен наставен кадар преку превземање од Агенција за вработување и по пат на јавен оглас согласно ЗОО и ЗРО.
• Навремено се завршија административните барања од МОН и ДПИ.
• Наставничкиот Совет изврши:
- распределба на наставници по наставни часови, наставни предмети и паралелки, часови за други видови настава, именување на одделенски раководители и наставници;
- распределба на одговорни наставници и тимови за реализација на програми од воннаставните подрачја;
- распределба на ученици и формирање на паралелки од прво до деветто одделение;

- запишувањето на учениците во прво одделение се спроведе согласно Законот за основно образование и насоки од БРО во месец Мај 2023 година.

- наставниците подготвуваа годишни и тематски-развојни планирања по наставни предмети, како и долгорочни, среднорочни и краткорочни планирања по Кембриџ програмите, како и тематски, месечни, неделни планирања за наставни програми по нова концепција од I-VI одделение.

- се организира реализацијата на проектот за бесплатни учебници за учениците од I - IX одделение спроведен од МОН. Учениците се обезбедени со учебници според планот од МОН, односно недостигот на учебници за одделенска настава по новата програма и особено во VI одделение негативно се одрази врз процесот на учење.

- навремено се обезбеди екстра лесно масло за загревање на објектот.

За севкупната административна работа и материјално-финансиско работење, училиштето води соодветна документација во архивата на училиштето.

1.2. Кадровски услови

Одделенска настава ја изведуваат вкупно 12 наставници соодветно стручно квалификувани од кои според степенот на образование 1 одделенски наставник е со вишо образование, 11 одделенски наставници со високо образование. Вкупно 4 предметни наставници реализираат настава по англиски јазик од I – V одделение со стручно соодветно високо образование, 2 предметни наставници во V одделение по Природни науки и 1 по информатика и техничко образование, 2 предметни наставници по физичко и здравствено образование, според ЗОО и упатството за тандем настава

На почеток од учебната година извршен е прием на 2 одделенски наставници за реализација на настава на албански јазик во I и II одделение Рона Мимини и Премтиме Ајро. Исто така, извршен е прием на наставници со интерна распределба за реализација на наставата по англиски јазик и физичко и здравствено образование на албански јазик во I и II одделение.

Во текот на првото полугодие во оваа учебна година настанаа кадровски промени за работното место:

- одделенски наставник во трето одделение Јелица Јанкулоска ослободено по основ на пензионирање, согласно законските прописи. Извршен е прием на

лицето Емина Шерифоска стручно соодветен наставник според норматив на определено работно време.

- во одделенска настава извршен е прием и на лицето Рехана Авмедоска на работно место одделенски наставник во V одделение заради ослободување на местото по основ на пензионирање согласно законски прописи минатата учебна година.

Во второ полугодие извршен е прием на одделенски наставник за настава на албански јазик во комбинирана паралелка IV и V одделение Бесфјала Н.Ибраими.

На крајот од учебната година предметна настава ја изведуваа вкупно 15 предметни наставници кои имаат заснован работен однос во училиштето.

Со спогодба за работа дополнуваат во друго училиште 2 наставници.

Според видот на заснован работен однос во училиштето во предметна настава 8 наставници имаат заснован работен однос на неопределено работно време со полн фонд на часови и 7 наставници на определено работно време за кои е извршен прием на наставници по пат на јавен оглас согласно законот за основно образование и Законот за работни односи, на определено работно време до 31.08.2024 година.

На почеток од учебната година извршен е прием на наставник по физичко и здравствено образование Алтин Лога со полн наставен фонд на определено работно време поради користење на неплатено отсуство на постоечкиот наставник заради стручно усовршување.

Извршен е прием на лицето Јета Ајро на работно место наставник по хемија, стручно несоодветно .

Извршен е прием и на лицето Едона Беќири на работно место наставник по музичко образование за 8 часа неделен фонд ,стручно соодветна. Истото лице поради недостиг на стручен наставник по ликовно образование реализира и 8 часови по Ликовно образование со интерна распределба, нестручно застапени на определено работно време до 31.08.2024 година.

Во текот на прво полугодие настана промена на работно место наставник по англиски јазик заради самоволно префрлање во друго училиште на постоечкиот наставник Јулијана Димоски. Извршен е прием на лицето Мехида Цаноска за 8 часа неделен фонд на македонски наставен јазик и 2 часа на албански јазик со спогодба со ООУ„Еднинство„-Октиси.

Приемот е извршен преку преземање од Агенцијата за вработување со согласност за финансирање од Општина Струга до три месеци и преку јавен оглас согласно ЗОО и ЗРО.

Според степенот на образование предметна настава во учебната 2023/24 година ја реализираа 2 наставници со виша и 13 наставници со висока стручна спрема.

Во текот на второ полугодие настанаа кадровски промени за следните работни места:

- извршен е прием на наставници по македонски јазик заради ослободување на местото по основ на пензионирање на наставникот Билјана Мариноска согласно законски прописи. Имено, на работно место наставник по македонски јазик со полн наставен фонд преку преземање од училиштето во Лабуништа на неопределено работно време е примена Наташа Цветкоска. На работно место наставник по македонски јазик со 12 часа неделен фонд извршен е прием на ново лице стручно соодеветен наставник Тамара Ѓонеска со договор за работа на определено работно време до 31.08.2024 година.
- Заради породилно отсуство на наставник Мехида Цаноска, извршен е прием на лицето Аида Насуфи на работно место наставник по англиски јазик за 8 часа неделен фонд на македонски наставен јазик и 2 часа на албански јазик.
- Поради самоволно напуштање на работното место, извршен е прием на лице на работно место наставник по музичко образование и ликовно образование со вкупно 16 часа неделен фонд, стручно несоодветен според нормативите.

Статус на наставници – приправници во текот на учебната година имаа 4 наставници (Едона Беќири, Алтин Лога, Рехана Авмедоска, Аида Насуфи).

Нестручно застапени се наставните предмети:

- Хемија - 8 часа наставен фонд - наставник Јета Ајро;
- Информатика и техничко образование, Информатика, Проекти од информатика,Етика вкупно 14 часа наставен фонд - наставник Алмир Ајрадиноски;
- Ликовно образование, вкупно 8 часа наставен фонд, наставник Едона Беќири.

односно ликовно и музичко образование во второ полугодие , наставник Џавид Арслаоски.

Од стручни соработници застапен е педагог со завршен Филозофски факултет – институт за Педагогија, Магистер по Теорија на поучување од 2015 година, кој во училиштето целосно остварува 40-часовна работна недела со работни задачи согласно законот за основно образование програмирани со годишна програма и месечни оперативни планови, како и насоките според протокол за работа на стручни соработници, организирани според актуелните условите за работа во училиштето.

Од оваа учебна година во училиштето е застапен и стручен соработник-библиотекар, кој во училиштето остварува 40-часовна работна недела со работни задачи согласно ЗОО.

Административната работа ја води секретар вработен на неопределено работно време и сметководител вработен на определено работно време, стручно соодветни на работното место.

Технички персонал го сочинуваат четири лица. Вработени се три хигиеничарки на неопределено работно време и еден хаусмајстор/домаќин на неопределено работно време.

Севкупната административна документација во врска со приемот на кадарот е средена во архивата на училиштето.

1.3. *Ученици*

Од учебната 2023/24 година со одлука од училишен одбор, Совет на општина Струга и согласност од МОН за првпат се формираа две паралелки на албански наставен јазик во Iи II одд. Во текот на второ полугодие односно од 07.03.2024 година се формира нова комбинирана паралелка со ученици од IV и V одделение на албански наставен јазик, која дотогаш постоеше во ООУ„Зини Хани„-Велешта.

Во текот на учебната 2023/24 година, во училиштето настава посетува вкупно 268 ученици од I - IX одделение на македонски наставен јазик и вкупно 13 ученици на албански наставен јазик од кои:

од	I - III одделение	95	ученици на македонски наставен јазик
од	I - II одделение	6	ученици и
IV и V одделение		7	ученици на албански наставен јазик
од	IV - VI одделение	92	ученици

од VII -IX одделение 82 ученици

во вкупно 21 паралелки: 13 во одделенска и 8 во предметна настава.

Наставата се изведува во 2 смени:

I - смена за учениците од VI - IX одделение со почеток во 7.30 часот и

I одделение деветгодишно образование со почеток во 9.00 часот.

II - смена за учениците од I - V деветгодишно одделение на македонски и албански наставен јазик со почеток во 13.15 часот.

2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Во ООУ,,Гоце Делчев,,-Подгорци, Струга настава во учебната 2023-24 година посетуваа вкупно 268 ученици од I-IX одделение на македонски и 13 ученици на албански наставен јазик, во две смени, согласно просторните услови, материјално-техничките можности за најбезбедно и најоптимално користење на расположливите средства на училиштето од материјален и хигиенски аспект.
Организирањето на учебната година и одморите за учениците се одвиваше според Календарот за организација на работата на основните училишта за учебната 2023/24 година.

Според истиот првото полугодие започна на 01.09.2023 година, а заврши на 29.12.2023 година, зимскиот одмор за учениците траеше од 30.12.2023 година до 19.01.2024 година. Второто полугодие започна на 22.01.2024 година и заврши на 17.06.2024 година. Пролетниот одмор започна на 29.04.24 година и заврши на 06.05.2024 година. Други неработни денови во текот на учебната година беа деновите кои се однесуваа на значајни датуми и празници.
Со укажување од МОН училиштето изработи план и распоред за надополнување на изгубените наставни часови тековно во следните работни недели до крајот на учебната година за деновите 24.04.24 и 08.05.24 година кога се одржуваа изборите во РСМакедонија.

На крајот од учебната година, наставата по наставни предмети и наставни подрачја за учениците од I - IX одделение се реализира во вкупно 180 работни /наставни денови, по утврден распоред на наставни часови, со времетраење на наставниот час од 40 минути.

Реализацијата на наставните часови според одделенската и електронската евиденција на крајот од учебната година е во согласност со планираниот годишен

фонд по наставни предмети според наставниот план и програми за деветгодишно образование во учебната 2023/24 година.

Согласно новата концепција за основно образование донесена со Решение бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година и новиот наставен план од I - VI одделение во учебна 2023/24 година , како и наставниот план од VII-IX одд. и Концепцијата за деветгодишно основно училиште во ООУ,,Гоце Делчев,,- Подгорци на организиран начин учениците се здобиваат со знаења, умеења и навики низ следниве видови настава:

- Задолжителна наства
- Изборна настава
- Други видови настава: дополнителна и додатна настава

2.1. Организација на задолжителна настава

2.2.

Задолжителната настава претставува содржинска основа на основното образование со која се овозможува вертикална проодност за подобрување на образованието во средните училишта.

Задолжителната настава се организира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование од VII-IX одд. и наставен план за основно образование од I - VI според новата концепција за основно образование.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик и кирилично писмо од I-IX одд. и на албански наставен јазик во I и II одд.и една комбинирана паралелка во IV и Vодделение, во две смени.

Наставата по наставни предмети и наставни подрачја за учениците од I - IX одделение се реализира според утврдените наставни програми по наставни предмети од I-IX одделение, во вкупно 180 наставни денови, по утврден распоред на наставни часови, со времетраење на наставниот час од 40 минути.

Со новиот наставен план и програми за шесто одделение се застапени предметите: Македонски јазик кој е дефиниран со јазикот на кој се реализира наставата и произлегува од подрачјето Јазична писменост од Националните стандарди. Од подрачјето Користење други јазици произлегува предметот Англиски јазик. Предметот Природни науки опфаќа теми/содржини кои припаѓаат на билогија, хемија, физика и делови од географија и заедно со предметот Математика директно произлегуваат од подрачјето Математика и природни науки

од Националните стандарди. Предметот Историја и општество опфаќа теми/ содржини што припаѓаат на историјата, на делови од географија, на граѓанско образование и други општествено-хуманистички дисциплини и заедно со предметот Општество произлегува од подрачјето Општество и демократска култура од Националните стандарди. Во задолжителни спаѓаат и предметите Ликовно образование и Музичко образование кои произлегуваат од подрачјето Уметничко изразување и култура и предметот Физичко и здравствено образование кој се поврзува со определени индикатори од подрачјето Личен и социјален развој.

Во оваа учебна година во вториот образовен период од IV-VI е воведен и предметот Техничко образование и информатика кој произлегува од две подрачја од Националните стандарди: Дигитална писменост и Технологија и претприемништво.

Предметот Историја и општество се реализира преку модули од предметите историја, географија и граѓанско образование.

Според новата концепција задолжителниот престој на учениците од I - V одделение во училиштето е 5 часа на ден, од кои 3 - 3,5 часа треба да поминуваат на наставни часови, а преостанатато време во други активности. Учениците од VI одделение треба да престојуваат по 6 часа дневно, од кои 4 - 4,5 часа да се посветени на наставните часови, а престанатото време во други активности.

Организацијата на наставата наметнува и друга улога на наставниците, кои за да излезат во пресрет на учениците треба да престојуваат во училиштето по 6 часа на ден.

Практиката покажа дека училиштето се соочува со потешкотии во организација на наставата според барањата со новата концепција во VI поради условите за работа, работата во смени во исти училишни простории, ангажманот на наставниците и нивниот отпор кон новото работно време, распоредот на часови и оптовареноста на учениците со часови во текот на работната недела итн..

И во оваа учебна година продолжи изучувањето на предметите математика и биологија за седмо, осмо и деветто одделение и за наставните предмети физика и хемија за осмо и деветто одделение според адаптирани наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examination Centre).

Наставниците подготвуваат глобални - годишни и тематски - развојни планирања, како и долгорочни и среднорочни планирања за кембриџ програмите, Исто така, тематски, месечни/неделни планирања по новата концепција по претходно добиени упатства на семинари организирани од БРО и меѓусебни консултации по наставни предмети, предметна и одделенска настава, кои се составен дел од нивните педагошки досиа.

Реализацијата според евиденцијата е според планираниот фонд на часови по повеќето наставни предмети.

Програмата,,Образование за животни вештини,,се реализира на одделенскиот час од VII - IX одделение според соодветните програми и прирачници.
Содржини од оваа програма се реализираа и во другите одделенија во рамки на СИП и воннаставни активности

Во однос на оценувањето согласно новиот ЗОО, учениците од I - III одд.се оценуваа описно, учениците од IV-VI одделение се оценуваа комбинирано односно на крајот од учебната година се бројчано оценати. За секој ученик се води педагошко досие и соодветна евиденција во педагошка документација. Учениците од VII - IX одделение се оценуваа бројчано со примена на традиционален пристап според општите програмски критериуми на просечен ученик.

Учениците односно нивните родители за постигањата на учениците се известуваат преку евидентни листи согласно ЗОО, Концепцијата и укажувањата од МОН на општи родителски средби, по потреба и преку електронските форми на комуникација (viber).

И оваа учебна година училиштето беше избрано и учествуваше во главното тестирање од меѓународната студија ТИМСС 2024, на примерок на ученици од петто одделение, по електронски пат, во организација на ДИЦ. За подготовка и реализација на тестирањето беа номинирани двајца наставници –координатори кои учествуваа на обуки од ДИЦ, одделенските наставници од V одделение кои имаа обврска да ги подготват учениците и им дадат соодветна поддршка. ТИМСС е меѓународна студија по математика и природна група предмети која ги мери знаењата и способностите на учениците по наведените предмети.

Приоритет во воспитно-образовната работа на наставниците според констатирани потреби од непосредното следење на истата треба да биде воведување на иновации во процесот на учење и оценување на учениците со примена на интерактивни техники, методи и средства на наставна работа. Се

настојува и предметните наставници да се усовршат и поттикнат за водење на педагошки досиа за учениците со што ќе се овозможи диференциран пристап во наставната работа и постигне одреден степен на објективност и етичност во оценувањето.

2.1.1. Тандем настава

Согласно новиот Закон за основно образование продолжи сукцесивно воведување на тандем настава по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение. Се реализира актуелната наставна програма, а активностите и методите на работа за постигнување на целите на програмата со новиот наставен пристап преку вклучување на наставник по физичко и здравствено образование, според препораките од БРО. Тандем наставата по физичко и здравствено образование ја реализираа одделенските наставници од I-V одделение и стручен наставник по физичко и здравствено образование.

2.2. Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби

Согласно законските прописи, учениците со посебни потреби, образовни потешкотии и здравствени проблеми се вклучени во редовната настава и се дел од животот во училиштето. Училиштето подготвува програми за работа со ученици со посебни потреби, образовни потешкотии и здравствено-емоционални проблеми, врз основа на воспоставена процедура за идентификација на учениците. Носители и реализатори на индивидуализираните програми се наставниците кои предаваат во паралелките каде учат односните ученици во соработка со педагогот. Паралелно се остварува редовна соработка со нивните родители.

Врз основа на новиот Закон за основно образование формирани се: училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните практики на ниво на цело училиште и инклузивен тим за ученик кој работи по индивидуален образовен план.

Во училиштето има два ученика со посебни потреби утврдени со наод, во VII и VIII одделение. За истите инклузивниот тим води досие и подготвува извештај за постигањата и напредувањето на ученикот за секој класификационен период во текот на годината.

По барање на центрите и МОН, родителите односно нивните деца се упатени на комисија за МФК. Училиштето има стручно мислење од МФК за еден ученик. И оваа учебна година училишниот педагог и инклузивниот тим остварија стручна

соработка со Центарот за поддршка во општина Струга и со Ресурен Центар во Битола. Во училиште се реализираа работилници, активности од воспитен карактер и советодавна работа со сите ученици, на сите нивоа за прифаќање на учениците со посебни потреби и соодветен третман според нивните потреби.

2.3. Изборна настава

Според наставниот план за основно деветгодишно образование, во училиштето изборна настава во учебната 2023/24 година се реализира по наставните предмети:

- IV одд 1. Образование за животни вештини
  2. Ликовно бразование
- V одд 1. Разрешување на конфликти
  2. Ликовно образование
- VI одд.: 1. Разрешување на конфликти
  2. Фигури од хартија /оригами/
- VII одд: Истражување на родниот крај - 2 часа неделен фонд;
- VIII одд: Проекти од информатика - 2 часа неделен фонд;
- IX одд: Изборен спорт - 2 часа неделен фонд;

Наставата по наведените изборни предмети се реализира со сите ученици во паралелките. Изборот на предметите е направен според условите за работа во училиштето, застапениот стручен кадар и интересот на учениците.

Процедурата за избор на предмети е спроведена на родителски средби преку презентација на програми и анкети со ученици односно родители според нивниот интерес за учениците од VII-IX одделение.

Според новиот наставниот план и новата концепција за основно образование во првиот образовен период од I – III одделение слободниот изборен предмет се реализира во форма на слободни активнсти што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците односно со согласност од родителите. Се избираат два предмети во текот на една учебна година (1 во прво полугодие, друг во второ полугодие) .

На учениците од IV - VI одделение оваа година им беше понудена листа со предмети од четири категории слободни изборни предмети и тоа:

1.Изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата од

задолжителните наставни предмети;

2.Изборни предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети;

3.Изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците;

4.Изборни предмети од спортско-рекреативен карактер;

Од понудените три изборни предмети од секоја од четирите категории, учениците бираа два кои имаат интерес да ги изучуваат во текот на една учебна година еден за прво и друг за второ полугодие, по изборот истиот изборен предмет ќе се изучува со сите ученици на ниво на паралелка односно одделение.

Слободните изборни предмети ги водат наставници од соодветниот образовен период, кои се именуваат како одговорни за нивната реализација.

Одговорните наставници за реализацијата на слободните изборни предмети ги следат и вреднуваат напредокот и постигањата на учениците .

Наставата по изборните предмети од VII-IX одделение се реализира со сите ученици во паралелките. Изборот на предметите е извршен на родителски средби преку презентација на програми и анкети со ученици односно нивните родители, според кадровските услови во училиштето.

Учениците покажуваат интерес за изборните предмети и постигнатиот успех е просечен, но во однос на другите задолжителни предмети задоволува. Според наставните програми истите бараат поголема практична самостојна и истражувачка работа, која се настојува да се практикува.

2.4. Други видови настава

Во училиштето се организираат и други видови настава (додатна и дополнителна) според план, програма и потребите на учениците и утврден распоред на часови.

Дополнителна настава се организира за учениците кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати односно на барање на ученик, негов родител или старател или по проценка на наставникот.

За потребата од посета на учениците на дополнителна настава одделенскиот односно предметниот наставник води евиденција за посетеноста на учениците како и писмени известувања за родителите за констатираните потреби.

Во училиштето се изготвува месечен распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет кој се објавува на огласна табла.

Реализираниот број на часови во оваа учебна година делумно е во согласност со наставниот план и потребите односно постигањата на учениците особено во предметна настава.

Исто така, училиштето организира и додатна настава за оние ученици кои постигнуваат значителни резултати. Секој наставник има обврска да им ја понуди на учениците, но кај учениците нема пројавен интерес и утврдени резултати за овој вид настава.

Потешкотии во реализацијата на часовите од овој вид настава има и произлегуваат од: ангажираноста на наставниците во други училишта; дневниот и неделен број на часови на учениците односно нивната оптовареност со зголемениот фонд на часови; распоредот на часови не дозволува да се изврши соодветен избор на ученици, но и соодветен ангажман на наставници.

Според анализите на работата и постигањата на учениците во училиштето, како и законските обврски има потреба од посоодветно организирање на овие видови настава и нивна објективна реализација во интерес на подобрување на постигањата на учениците.

Согласно законските обврски секој наставник реализатор за VII,VIII и IX одд.на крајот од учебната година го доставува документот за водење евиденција за реализација на овој вид настава во педагошката архива на училиштето.

3. ВОННАСТАВНИ ПОДРАЧЈА И АКТИВНОСТИ

Како значаен и интегрален сегмент во работата на основното училиште се планираат и организираат активности од воннаставната воспитно-образовна работа според насоките дадени во документот,,Основи за програмирање на воннаставна работа,, и документите според новата концепција за деветгодишно образование.

Условите за работа во училиштето овозможуваат подобрување на тимската работа на наставниците со цел да се постигне повисоко содржинско обликување на воннаставните активности во функција на развивање на позитивна клима во училиштето, развивање на мотивацијата на учениците и нивна поголема

ангажираност која позитивно воспитно би влијаела на изградување на личноста на ученикот.

Подобрувањето на тимската работа на наставниците претставува приоритетна цел во воспитно-образовната работа на училиштето како фактор за подигнување на квалитетот во реализацијата и на овие активности, а во интерес на подобри постигања на учениците, што е потреба и барање со новата концепција за деветгодишно образование.

Реализацијата на активностите ја води секој наставник во посебна евиденција за воннаставна работа која е составен дел на педагошката архива во училиштето.

3.1.Слободни ученички активности

Слободните ученички активности се организираат за сите ученици кои покажуваат интерес да го исполнат своето слободно време со целисходни содржини. Според Концепцијата и наставниот план за деветгодишно основно образование, слободните ученички активности се организираат и реализираат од шесто до деветто одделение, со новата концепција и во одделенска настава во рамки на другите воннаставни активности. Интересот и реализацијата на овој вид активности е делумен.

3.2. Програма за интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем

Во училиштето се реализира програма за интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем. За таа цел еко одборот формиран со одлука на наставнички совет, подготви училишна еко програма и интегриран план за реализација во наставата. Во текот на оваа година делумно се реализираа планираните програмски активности според инегрираниот план, односно се реализираа активности во рамки на задолжителната настава по одредени наставни предмети.

На овој план се реализираа активности по повод одбележувањето на Денот на екологијата во рамки на наставната и воннаставна работа,се подготвија еко плакати, еко пораки, ликовни цртежи,оригами и истакнаа на видни места, како и работна еко акција за чистење и уредување на блиската околина на училиштето со

цел подигнување на еколошката свест кај учениците за заштита на животната средина.

3.3. Програма за политика за ненасилно однесување во училиштата

Во училиштето се реализира програма за ненасилно однесување во училиштата со цел да се утврдат конкретни состојби за степенот и видот на насилство како и да се изнајдат стратегии и процедури за ненасилно решавање на проблемите. За таа цел се пренесуваат искуства од посетените семинари за стручна подготовка на тимот за реализација, подготвена е програма и акциони планови за нејзино спроведување.

И оваа учебна година училиштето се соочи со манифестации на насилно и агресивно однесување на ученици во училиште и слични конфликти и проблеми од тој вид кај поголем број ученици.

- Во училиштето се случуваат физички и вербални конфликти помеѓу ученици пропратени со уцени, навреди и слично најчесто како резултат на срединскиот фактор - менталитет, следењето на социјалните мрежи, непознавање на медиумската култура и слично;
- Упатени вербални навреди и уцени кон наставници како резултат на воспитна семејна запоставеност и неформирани морални квалитети кај личноста на ученикот;
- Намерно нанесување материјални штети во училишниот објект (врати, прозорци, инвентар и сл.);

Училиштето спроведе соодветни педагошки и воспитни мерки.

- Кон учениците со непримерно поведение и асоцијално однесување се преземаа соодветни законски и програмски педагошки и воспитни мерки;
- Се оствари соработка на сите нивоа,
- Се решаваа конфликтни ситуации преку реститутивни средства и воспоставени воспитни средства применети според видот на настанот;
- Дискусии во рамки на стручни органи.
- Училишниот педагог ја спроведе Програмата за советување на родители/ ученици во соработка со одделенските раководители и раководството;
- Доставени се барања за соработка, поддршка и решавање на проблемот до институциите: ДПИ, Педагошка служба при МОН и ЦСР.

На овој план училишниот педагог подготви и започна со спроведување на Програма за превенција и справување со врсничко насилство во училиштето која продолжува и во следната учебна година.

Во текот на второто полугодие се подготви акциски план со активности за вклучување на сите субјекти, се спроведе анкета со учениците во училишниот парламент со цел да се осознае појавата, видовите и манифестациите на насилство, начините на спречување и решавање на проблемите,како и колку и како училиштето е организирано во превенција на појавата.

Се реализираа работилница со ученици од VIII-1 одд.за врсничко насилство во рамки на програмата од ОЖВ и учениците од VI одделение во рамки на реализацијата на програмата за по СИП :Решавање на конфликти, во соработка со наставникот.

Училиштето има законска, програмска и морална обврска да се организира за подготовка и реализација на идните активности во оваа програма следната учебна година со вклучување на сите субјекти.

3.4. Програма за мултиетничка интеграција во образованието

Во училиштето се реализира програма за мултиетничка интеграција во образованието. За таа цел формиран е тим, посетени се потребните семинари и подготвена програма според насоките дадени од БРО и насоките дадени на соодветните обуки, за кои тимот е сертифициран.

МИО се реализира преку содржини и активности за унапредување на интегрираното образование и мултикултурата односно продлабочување на компетенциите на учениците во духот на меѓусебно разбирање и почитување на другите и различностите во рамки на реализацијата на наставните програми по одредени наставни предмети како и преку активности на одделенскиот час во рамки на програмата образование за животни вештини.

3.5. Грижа на училиштето за здравјето на учениците

На овој план според програмата се:

- спроведуваа препорачаните превентивни мерки и активности поврзани со хигиената во училиштето;

- се организираа стоматолошки прегледи, вакцинации и ревакцинации за учениците според програма од Здравствен дом Вевчани со писмено известување на нивните родители;

- се организираа редовни систематски прегледи за учениците од I, III, V, VII и IX одделение исто така според план на Здравствениот дом Вевчани;

- се организираа предавања на одделенски часови, презентации, истакнаа постери и брошури за сите ученици за превентивна заштита од заразни болести.

Грижата за здравјето на учениците е секојдневна од страна на сите субјекти и тековно се следат состојбите за сите ученици и се остварува навремена соработка со родителите.

Во месец Февруари , месец посветен на лицата со ретки болести во рамки на кампањата ,,Ги запознаваме ретките болести,, учениците и наставниците во училиштето во организација на училишниот педагог, ја дадоа својата поддршка преку организирани низа воннаставни активности, презентации и работилници , се со цел подигнување на општествената свест за рамноправност и градење на општество со еднакви можности за сите.

Содржини од ова подрачје се реализираа и преку програмата за образование за животни вештини на одделенските часови со акцент на подобрување на внатрешните квалитети на личноста на ученикот и нивното ментално здравје.

Во рамки на ова подрачје училишниот педагог ја реализира Програмата за унапредување на менталното здравје на учениците со цел зајакнување на психолошките потенцијали, развивање на компетенциите и унапредување на добросостојбата на учениците, воспоставена од БРО со поддршка од УНИЦЕФ.

Реализацијата на програмата за психосоцијална помош и поддршка на учениците е приоритетна на овој план во следната учебна година со вклучување на сите субјекти, на сите нивоа во училиштето.

3.6. Ученички екскурзии

Според Годишната програма оваа учебна година се реализира:

- Есенски и пролетен ученички излет од забавно-рекреативен карактер во локалната средина , местото ,,Симано,,со учениците од I-IX одделение.
- Согласно законските прописи и правилникот за организација на ученички екскурзии, оваа година во месец Октомври се реализира ученичка екскурзија од

воспитно-образовен и научен карактер со учениците од VI и IX одделение на релација Подгорци-Скопје и обратно според изготвена програма и севкупна процедура одобрена од училишните органи, БРО и согласност од родителите. Исто така и со учениците од III одделение на релација Подгорци-Охрид-Струга. Учениците имаа можност да го запознаат градот Охрид и неговите убавини, знаменитости, локалитети: Охридското езеро, Самоилова тврдина, Калето , Античкиот театар, пристаништето, Билјанини извори. Во Струга: истекот на реката Црни Дрим, паркот на поетите, библитеката,,Браќа Миладиновци,,.

Севкупната документација е средена во училишната архива.

3.7. Општествено-корисна и хуманитарна работа

Во рамките на програмата за општествено корисна работа се организираа работни акции со учениците за средување на училницата, чистење, уредување и на училишниот двор, уредување и естетско обликување на училниците и училишните простории.

3.8. Ученички натпревари

Имајќи ја во вид значајната улога на ученичките натпревари врз развојот на личноста на ученикот како и условите за работа кои овозможуваат соодветна подготовка на учениците и оваа учебна година училиштето настојуваше да се учествува на натпревари од различен ранг,организирани од надлежни или образовни институции.

Во текот на учебната година се учествуваше на:

1. Општински спортски натпревари во фудбал и одбојка, машка и женска екипа, во организација на федерација на училишен спорт во Струга под водство на наставниците Митра Стојаноска и Алтин Лога;
2. Регионален и државен натпревар по Географија под водство на наставникот Јовче Крстаноски. За одбележување е успехот на ученичката Илда Ибраимоска од VIII одделение;

3.9.Ученичко организирање и ученички иницијативи

3.9.1. Ученички парламент

За остварување на своите права учениците се организирани преку одделенски заедници на ниво на паралелки со кои раководат одделенските раководители и

ученички парламент на ниво на училиште кој го сочинуваат претседателите на одделенските заедници,со кој раководи претседател избран по пат на тајно гласање од нивниот состав, во организација на раководството и педагогот на училиштето. Во текот се реализираа состаноци и стручни советодавно консултативни средби, за кои се води посебена евиденција од учениците и училишниот педагог според годишната програма и актуелните состојби во училиштето.

3.9.2. Професионална ориентација на учениците

Согласно законските прописи во училиштето се реализира програма за професионална ориентација на учениците, која ја остварува училишниот педагог преку соработка со одделенските раководители, директно со учениците и родителите и во соработка со стручните соработници од средношколските центри, со целосна поддршка од раководството.

Целта на училишните субјекти и професионална обврска е да им помогнат на учениците навремено и солидно да се запознаат со значењето на определбата за изборот на образованието односно својата професија/занимање, условите и критериумите за запишување во средните училишта, како и глобално за нивните основни карактеристики и психолошка подготовка.

За реализација на таа цел и задача во училиштето се реализираа активности од типот на стручна советодавно-консултативна работа, се спроведе интервју со учениците, се организираа презентации и претставување на средни училишни центри во училиште преку нивни претставници ,видео презентации преку форми на електронска комуникација, се организираа непосредни посети и се учествуваше на отворени денови во средните училишта во општина Струга , се организираа индивидуални средби според потребите и интересите на учениците и родителите.

3.10. Културно-образовни активности

На планот на културно-образовни активности одбележани се значајните датуми и празници преку подготовка на предавања, зиден весник, презентации од учениците односно наставниците и културно-уметнички програми по повод прием на првачињата во детска организација односно детската недела и денот на детето. По тој повод на сите првачиња традиционално им беа доделени подароци од училиштето.

За учениците I - V одд.се приреди детска претстава ,,Сказна за златната рипка,, во изведба на драмско студио Колозов.

Традиционално се организира училишен базар на крајот од прво полугодие со сите ученици. Интересот од учениците односно нивните родители беше голем, се собраа околу 40000 денари кои ќе се искористат за набавка на средства и помагала за потребите на наставата и учениците во училиштето.

4. Безбедност во училиштет

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците и вработените.

Училиштето има пропишана процедура за заштита на учениците од физички повреди при елементарни непогоди и план за движење при евакуација, како и обучен тим за реализација на програмата.

Поради местоположбата на училишниот објект во централниот дел на населбата и изложеноста на негативни влијанија и лица од надворешната средина, со одлука од совет на родители училиштето има и видео надзор.

По барање на МОН и Инспекторатот за труд училиштето има процедура и целосна документација (елаборат, оперативен план, технички извештаи, скици и прегледи) за безбедност и здравје при работа изготвен од страна на Технички институт Македонија и план за евакуација и спасување за вонредни ситуации при елементарни непогоди. Се набавени технички средства (ППР апарати и хидранти) и се обучени тимови од наставници за прва помош, за евакуација и постапка при елементарни непогоди.

5.Соработка на училиштето со родителите и локалната средина

5.1. Соработка со родители

На планот на соработката на училиштето со родителите одржани се редовни општи, индивидуални и групни родителски средби за проблеми и прашања со различна природа според потребите односно проблемите со учениците од страна на сите училишни субјекти.

Се практикуваа сите посредни и непосредни форми на соработка, со физичко присуство во училиште како и преку формите и средствата за електронска комуникација, Viber, телефонска комуникација и слично, во интерес на подобрување на однесувањето и постигнувањата на учениците.

Училиштето се соочува со потешкотии во соработката поради отсуство на едниот родител (таткото), недоволниот авторитет на мајката и покрај присутноста, недоволната ефективност од соработката со старателите. Степенот на образование на родителите, видот на нивниот професионален ангажман, спецификите на срединскиот фактор влијаат на недоволната ефикасност од соработката со родителите врз позитивниот развој на учениците.

На овој план се оствари и законската обврска за реализација на програмата за советување на родители од ученици кои имаат повеќе од десет неоправдани изостаноци, пад во успехот и несоодветно однесување, според дадените правилници и укажувања од МОН.

Советувањата се реализирани преку индивидуални и групни средби во училиште и преку форми на електронска и телефонска комуникација од страна на училишниот педагог, во соработка со одделенски раководители и раководството.

Училиштето доставува навремени извештаи до Државниот просветен инспекторат утврдени при редовен надзор и Педагошката служба во Министерството за образование и наука.

5.2. Соработка со локална средина

Училиштето има позитивна соработка со Месната самоуправа и поддршка од повеќе аспекти за успешна реализација на воспитно-образовната работа. Особено Училиштето има материјална и морална поддршка од бизнис заедницата, медиуми и физички лица во населбата.

Исто така, училиштето остварува соработка со сите основни училишта во општината, државните и општински средни училишта, приватните средни училишта, Центарот за социјална работа, Ресурен центар за поддршка, како и други стручни лица според потребите.

Училиштето остварува редовна успешна соработка со институциите на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат, како и секторот за образование при општина Струга.

4.ОПШТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

4.1. Органи на управување и водење на училиштето

Со училиштето од 01.04.2024 година раководи В.Д Директор Амир Османоски и Пом.Директорот Фадил Исламоски кои реализираат сопствена програма согласно Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Годишната програма за работа на училиштето во учебната година.

- Училишниот одбор како орган на управување во училиштето остварува работи и работни задачи согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето, по Деловник за работа и актуелни состојби во училиштето.

За остварените работни задачи и активности води евиденција во посебен Дневник за работа за кој е одговорен претседателот на училишниот одбор.

4.2. Стручни органи

Работата на стручните органи се остварува планомерно според годишните планови и програми и тековните проблемски прашања кои произлегуваат од актуелните состојби. Стручните органи ги одржаа планираните состаноци на кои се расправаше за севкупната стручна и воспитно-образовна работа на училиштето. Планираните работни задачи се остварени и евидентирани во посебни дневници за работа на одделенски и наставнички совет, што ги води директорот на училиштето.

Во училиштето е планирана работа на четири стручни активи заради подобрување на стручната соработка и можностите за посолидно интерно стручно усовршување. Во училиштето има потреба од подобрување на меѓусебната стручна соработка на наставнците на планот на професионалното усовршување, како и поефикасна и редовна реализација на програмите за работа.

Приоритетна задача за раководниот и стручен кадар е подобрување и унапредување на работата на стручните активи во функција на професионален развој на наставниот кадар со цел подобрување на постигањата на учениците од образовен и воспитен аспект.

4.2.1. Професинален развој на кадарот

Училиштето има посебна програма за професионален развој на ниво на училиште. Училишниот педагог води педагошки картон и професионални досиа од наставници за следење на нивниот како и за сопствениот професионален развој.

За остварување на наведените потреби на образовниот кадар, како цел на професионалниот развој на образовниот кадар во училиштето се постави развивањето на култура за тимска работа и хоризонтално учење; унапредување на квалитетот на дигиталниот наставен процес, подобрување на постигањата на учениците, како и унапредување на квалитетот на комуникацијата меѓу сите субјекти во училиштето.

За таа цел во училиштето е формиран тим во состав: директор, пом.директор, педагог, претседатели на стручни активи, наставник –претставник во училишен одбор. Тимот е одговорен за детектирање на потребите, планирање на приоритетите и реализација на програма за професионален развој во училиштето и развивање мотивација за континуиран професионален развој на училиштето како институција која учи. Очекуваните исходи се однесуваат на подобрување на постигањата на учениците од аспект на објективност во успехот и воспитниот аспект.

Програмата за професионален развој на воспитно- образовниот кадар е составен дел од Годишната програма. Сите наставниици и стручниот соработник се обврзани да изготват План за Личен професионален развој како составен дел т.е основа на неговото професионално досие за време од една/две учебни години.

За нововработените наставници - приправници, училиштето навремено назначува ментори кои изготвуваат програма за работа со приправникот.Со наставниците – почетници во рамки на училиштето соработува и училишниот педагог за сите аспекти по воспитно-образовни подрачја.

Според потребите училиштето обезбедува дисеминација на обуки за наставниот кадар, а настојува да ги поттикне за вклучување на сите наставници во континуирани обуки, вебинари, проекти или семинари.

Училишниот педагог и наставниците редовно ги следеа сите едукации организирани од БРО и Министерството за образование и наука.

4.3. Други тела – Совет на родители

Согласно законските одредби во училиштето функционира и Совет на родители, кој работи по сопствена програма и за истата води посебна евиденција. Советот на родители има активно учество во реализацијата на активностите во сите сегменти на работата и животот на училиштето.

4.4. Стручни соработници

Во училиштето од стручни соработници застапен е педагог, кој работи по сопствена годишна програма и месечни оперативни планови со работни задачи и активности прилагодени на условите, потребите и развиеноста на училиштето, која се евидентира во педагошката евиденција.

Програмата за работа на педагогот е остварена според актуелни прашања, содржини и потреби кои произлегуваа во рамки на сите програмски подрачја на воспитно-образовната работа во текот на учебната година.

Од оваа учебна година во училиштето е застапен и стручен соработник-библиотекар, кој во училиштето остварува 40-часовна работна недела со работни задачи согласно ЗОО.

5. ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Водењето на електронската и печатената педагошка евиденција и документација во училиштето како и административното работење е целосно, навремено и соодветно според законските прописи, потврдено од Државниот просветен инспекторат при редовен, вонреден и контролен инспекциски надзор.

Исто така навремено, соодветно и ажурно се води електронската евиденција односно е-дневникот кој со одлука од МОН е единствен. Одделенските раководители имаа обврска за негово месечно печатење.

Училиштето на крајот од учебната година на учениците им издаде свидетелство за завршено одделение и додаток на свидетелство за учество во воннаставни активности според укажување од МОН и насоки од БРО. Евиденцијата на истите во главните книги е средена согласно правилникот за водење на педагошка евиденција и документација.

6.СЛЕДЕЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Во текот на учебната 2023/24 година во училиштето беа спроведени редовни и вонредни инспекциски надзори од Државниот просветен инспекторат во Струга.

Исто така се спроведе стручен надзор од БРО од тим на советници преку општ увид и посета на часови кај тројца наставници.

Интерно следење на ВОР во училиштето спроведува училишниот педагог и раководството од свој аспект . Во таа смисла училиштето настојува да ја следи и вреднува работата на наставниот кадар во училиштето врз основа на индикаторите за квалитет на работата на училиштето и образовните стандарди преку водење на педагошки картони за проценка на работата на наставникот и професионални досиа.

7. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

7.1. Успех, редовност и поведение на учениците

На крајот од учебната 2023/24 година од вкупно 269 ученици: описно оценати се 95 ученисі од I – III одделение, 174 ученици се бројчано оценати од IV-IX деветгодишно одделение на македонски наставен јазик и 13 ученици на албански наставен јазик.

На ниво на училиште постигнат е среден успех 3,59

(Прилог: статистички табеларни прегледи)

Според евиденцијата постигнатиот успех на учениците е константен и просечен кој според условите за работа и организацијата на воспитно-образовната работа во училиштето објективно може да се подобри. Но, потешкотии за постигнување повисоки резултати претставуваат и техниките и навиките за учење на самите ученици, како и сфаќањето на образованието во средината, воопшто кое се настојува позитивно да се развие преку програмата за професионална ориентација што се реализира во училиштето.

Во оваа учебна година 265 ученици го завршија одделението на крајот од наставната година во месец Јуни, 4 ученици не го завршија т.е.го повторуваат одделението.

Успехот и постигнатите резултати на учениците според квантитативните и квалитативните анализи од педагошки аспект имаат потреба од подобрување на

нивниот квалитет според образовните стандарди и солидните услови за работа на училиштето.

Во однос на редовноста и поведението на учениците и оваа учебна година има појава на неоправдано изостанување карактеристична група ученици спрема кои се спроведени воспитни и законски педагошки мерки кои недаваат поголеми ефекти.

Анализите потврдуваат дека причините се во самите ученици, недоволна ефикасна соработка со родителите-старатели поради отсуството на едниот родител-таткото кој професионално е ангажиран во странство, карактеристиките на наставниците во училиштето кои влијаат на методскиот и воспитен пристап со учениците, надворешното опкружување.

Според одредбите во законот за основно образование и соодветните правилници се спроведува Програмата за советување на родители. Соработка со родителите е постојна и навремена, но ефектите кај одредени ученици периодични или воопшто ги нема. Кај одредени ученици со антисоцијално однесување е забележана воспитна запоставеност и отсуство на родителска контрола или родителско влијание. За истите се известени институциите: Центарот за социјална работа и Државниот просветен инспекторат од кои училиштето нема повратни информации.

Педагошката евиденција за успехот, редовноста и поведението на учениците со статистички податоци, анализи и мерки за подобрување која ја водат педагогот и пом.директорот се достапни за увид во училиштето.

Приоритетна цел е подготовка и натамошна реализација на програмите и акционите планови за подобрување на постигањата особено редовноста и поведението на учениците.

Особено се настојува да се акцентираат воспитните компоненти за позитивен развој на личноста на ученикот преку посредни и непосредни како и партиципативни методи и форми на соработка во конкретни училишни ситуации.

Училиштето настојува да ги истакне и стимулира подобрите ученици за напредување преку јавни пофалби, награди, учество во воннаставни активности, манифестации, отворени денови во други училишта и организации.

По повод завршувањето на учебна година оваа година со одлука од Наставничкиот совет учениците од IV - IX одделение добија пофалници за

одличен успех и примерно поведение и награда ученичката Илда Ибраимоска од VIII одд. за постигнати резултати на натпревари.

За севкупната работа со учениците се води педагошка евиденција во училиштето

8. Приоритети и идни активности во работата на училиштето

На инфраструктурен и материјално-технички план:

- Изградба на спортска сала;
- Хортикултурно уредување на училишниот двор;

На воспитно-образовен план:

- Квалитативно подобрување на организацијата и реализацијата на наставниот и воннаставен процес во училиштето;
- Подобрување на професионалниот развој на кадарот и обезбедување финансиска поддршка;
- Квалитативно подобрување на постигањата на учениците;
- Зајакнување на воспитната работа со учениците во училиштето преку интензивирање на ефективна соработка со родителите со цел подобрување на поведението и дисциплината на учениците;
    - Реализација на програма за унапредување на менталното здравје на учениците;
    - Реализација на Програма за превенција и справување со насилство во училиштето
- Градење стратегија за спроведување стимулативни мерки и наградување на учениците во училиште;
- Реализација на план за афирмација на работата на училиштето;

Констатации

Врз основа на согледувањата од следењето и анализата на севкупната воспитно-образовна работа на училиштето во текот на учебната година, одделенската и педагошка евиденција и документација, проценка на раководниот и стручен тим е дека истата се реализира според планирањата со Годишната програма за работа.

Во рамки на сите подрачја има потреба од усовршување и унапредување на работата и воведување промени кои ќе придонесат за зголемување на квалитетот на воспитно-образовната работа на училиштето во целост.

Во интерес на постигањата на учениците има потреба од реализација на програми за унапредување на наставата и оценувањето на учениците преку работа на стручни тимови во училиштето и професионален развој на наставниот кадар.

Во учебната 2023/24 година училиштето ја оствари својата законска обврска за реализација на воспитно-образовна работа на училиштето согласно Годишната програма, Статутот на училиштето и државните службени документи донесени од Министерството за образование и наука, кои се однесуваа на работата на училиштето.

Прилог: - Статистички табеларни прегледи за успехот, редовноста и поведението на учениците во учебната 2023/24 година

ООУ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„-ПОДГОРЦИ
В.Д. Д И Р Е К Т О Р,

_____

Амир Османоски

Врз основа на Член 108 од Законот за основно образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.108 од 05.08.2019) и Член 30 од Статутот на училиштето, Училишниот одбор на состанокот одржан на ден 12.07.2024 година донесе:

О Д Л У К А

за предлагање на Годишниот Извештај за работата на ООУ,,Гоце Делчев,,-Подгорци, Струга за учебната 2023/24 година и реализација на Годишната Програма за работа, до Советот на општина Струга и доставување до релевантните институции согласно Законот за основно образование.

Оваа одлука стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

ООУ,,Гоце Делчев,,-Подгорци
Претседател на Училишен одбор
_____